2021

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01 - 31.03.2021Г

I Квартал

## СОДРЖИНА

ВОВЕД......3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 01.01- 31. 03. 2021 Г......4

ПРИХОДИ......4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.03.2021 Г......5

ТРОШОЦИ......6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ВО ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01-31.03.2021Г......6
Трошоци за вработените......6
Патни и транспортни трошоци......7
Заеднички трошоци......7
Програмски права......8
Останати трошоци од работење......9
Инвестиции......9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01 - 31.03.2021 Г......9

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2021г. ......14

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2021 ГОДИНА, РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2021 Г......14

Побарувања од купувачите во земјата......15
Побарувања од купувачите во странство......15

СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2021 Г......16

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2021 Г......17

# ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и / или интернет, со 24 часовно времетраење, дел од програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Во текот на минатата 2020 година, ЈРП МРТ започна со емитување на својата програма на три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 кој емитува забавно - музичка, културна и спортска програма, МТВ 4 – документарна програма и програма на етничките заедници и МТВ 5 наменет за детска програма, а во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ. Во истиот период постоечкиот Втор ТВ програмски сервис на албански јазик својата програма започна да ја емитува со 24 часовно дневно времетраење. Програмата редовно се одвива на сите програмски сервиси.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во првото тримесечје од 2021 година Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 208.345.666 денари и расходи во износ од 240.611.369 денари при што е остварен негативен финансиски резултат во износ од 32.265.703 денари кој произлегува исклучиво од неисплатените и скратени финансиски средства кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност. Согласно Законот за ААВМУ, по основ на финансирање на радиодифузна дејност, во 2021 година на ЈРП МРТ треба да и бидат исплатени средства во висина од 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот, односно во 2020 година. Оттука, со оглед на тоа дека во 2020 година вкупните приходи во Буџетот на РСМ се реализирани во износ од приближно 190 милијарди денари, произлегува дека во 2021 година приходот по основ на финансирање на радиодифузна дејност треба да биде поголем односно да изнесува околу 115.000.000 денари на месечно ниво наместо сегашните 55.875.000 денари кои МРТ ги добива. Законски предвидените 1% не се реализираат, односно МРТ добива 0,5% од реализираните приходи на Буџетот на РСМ во 2020 година. Недостигот на финансиски средства негативно се одразува на севкупното работење на институцијата и создава потешкотии во сервисирање на старите но и на тековните обврски по основ склучени договори со домашни и странски добавувачи по разни основи, како и обврските спрема вработените. Што се однесува пак на расходите во анализираниот квартал од 2021 година, тие бележат фактурирана реализација во рамки на планираните износи кај сите групи на трошоци.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01-31.03.2021 ГОДИНА**

| ОПИС | Остварување 01.01.-31.03.2020г. | | Финансиски план 2021г. | | Остварување 01.01.-31.03.2021г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **237,837,057** | **100.0** | **1,022,500,000** | **100.0** | **208,345,666** | **100.0** | **87.6** | **20.4** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **219,302,450** | **92.2** | **1,015,200,000** | **99.3** | **240,611,369** | **115.5** | **109.7** | **23.7** |
| Трошоци за вработени | 101,096,914 | 42.5 | 486,510,000 | 47.6 | 114,821,901 | 55.1 | **113.6** | **23.6** |
| Патни и транспортни трошоци | 652,880 | 0.3 | 7,500,000 | 0.7 | 454,750 | 0.2 | **69.7** | **6.1** |
| Заеднички трошоци | 51,846,579 | 21.8 | 186,180,000 | 18.2 | 26,956,804 | 12.9 | **52.0** | **14.5** |
| Програмски права | 53,151,646 | 22.3 | 269,000,000 | 26.3 | 94,597,143 | 45.4 | **178.0** | **35.2** |
| Останати трошоци од работење | 12,554,431 | 5.3 | 66,010,000 | 6.5 | 3,780,771 | 1.8 | **30.1** | **5.7** |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **18,534,607** | | | | **-32,265,703** | | | |
| | | | | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | | | |
| Набавка на опрема | 1,119,582 | | 7,300,000 | | 0 | | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно** | **1,119,582** | | **7,300,000** | | **0** | | **0.0** | **0.0** |
| | | | | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ И ИНВЕСТИЦИИ** | **220,422,032** | | **1,022,500,000** | | **240,611,369** | | **109.2** | **23.5** |

# ПРИХОДИ

Во првото тримесечје од 2021 година во тековното работење на МРТ остварени се приходи во вкупен износ од 208.345.666 денари.

Основен извор на финансирање на ЈРП МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои по Одлука на Владата на РСМ а согласно измените во Законот за ААВМУ (сл.весник 132/17), МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Меѓутоа, поради настанатата состојба со корона вирусот Covid – 19, а како резултат на преземените мерки од страна на Владата на РСМ во насока на намалување на вкупните трошоци на државно ниво, во анализираниот период од 2021 година овие средства се значително намалени и наместо месечниот износ од 74.500.000 денари планиран со Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година, по овој основ, за финансирање на радиодифузна дејност, ЈРП МРТ добива месечен износ од 55.875.000 денари, или вкупно 167.625.000 денари во првото тримесечје од 2021 година.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 50.271 денари што е реализација од 10.1% во однос на планираните приходи за 2021 година за оваа намена.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали,

ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 422.114 денари.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 33.778.086 денари или остварување од 82,6% повисоко во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата, пред се, ги опфаќа приходите по основ на отпис/укинување на резервацијата за пресметана камата за ММИ по основ на склучена спогодба, а која камата претходно беше искажана како резервиран трошок на ЈРП МРТ во Извештајот за реализација на финансиот план за претходната 2020 година, потоа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнително утврдени приходи од минати години и друго.

Приходот по основ на судски одлуки за предмети кои се завршени во корист на МРТ изнесува 79.646 денари или остварување од 5,3% во однос на планираниот износ за оваа намена.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) е остварен во износ од 6.390.549 денари што е реализација од 6,4 % во однос на планираните средства во Финансискиот план за 2021 година за оваа намена и 143% повиска реализација во однос на остварувањето во истиот период од минатата 2020.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.03.2021 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.01-31.03.2020 год. | Планирани приходи за 2021 г. | Остварени приходи 01.01-31.03.2021 год. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на радиодифузна дејност | 223,500,000 | 894,000,000 | 167,625,000 | 75.0 | 18.8 | 80.5 |
| Закупнини | 75,404 | 500,000 | 50,271 | 66.7 | 10.1 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 3,000,000 | 347,190 | 67.1 | 11.6 | 0.2 |
| Приходи од странство (технички услуги,коментаторски позиции,отстапени права и сл.) | 15,202 | 2,000,000 | 74,924 | 492.9 | 3.7 | 0.0 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години),дополнително утврдени приходи од претходни години, донации и сл. | 10,553,006 | 18,500,000 | 33,778,086 | 320.1 | 182.6 | 16.2 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 546,749 | 1,500,000 | 79,646 | 14.6 | 5.3 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 2,629,382 | 100,000,000 | 6,390,549 | 243.0 | 6.4 | 3.1 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 3,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **237,837,057** | **1,022,500,000** | **208,345,666** | **87.6** | **20.4** | **100.0** |

# ТРОШОЦИ

Во текот на периодот 01.01-31.03.2021 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 240.611.369 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01-31.03.2021 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 101,096,914 | 486,510,000 | 114,821,901 | 113.6 | 23.6 |
| Патни и транспортни трошоци | 652,880 | 7,500,000 | 454,750 | 69.7 | 6.1 |
| Заеднички трошоци | 51,846,579 | 186,180,000 | 26,956,804 | 52.0 | 14.5 |
| Програмски права | 53,151,646 | 269,000,000 | 94,597,143 | 178.0 | 35.2 |
| Останати трошоци од работење | 12,554,431 | 66,010,000 | 3,780,771 | 30.1 | 5.7 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **219,302,450** | **1,015,200,000** | **240,611,369** | **109.7** | **23.7** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 1,119,582 | 7,300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **1,119,582** | **7,300,000** | **0** | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **220,422,032** | **1,022,500,000** | **240,611,369** | **109.2** | **23.5** |

## Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени во првото тримесечје од 2021 година бележи остварување во вкупен износ од 114.821.901 денари или 23,6% во однос на средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 113.990.539 денари, потоа трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право за пензија и кои изнесуваат 277.664 денари како и трошоците за разни видови надоместоци за вработените (помош во случај на смрт на вработен или член на потесно семејство, боледување подолго од шест месеци, наградувања и сл.) во износ од 547.978 денари како и трошоците за едукација (обуки од разни области, учество на советувања, семинари и слично) реализирани во износ од 4.720 денари. Просечната нето плата по работник во анализираниот периодод од 2021 година изнесува 35.738 денари.

## Патни и транспортни трошоци

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 454.750 денари и истата е реализирана со 6,1% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2021 година за оваа намена. Оваа реализација е значително намалена во однос на минатиот период од причина што сеуште патувањата на екипите на МРТ се сведени на најнеопходен минимум поради појавата на Covid-19 – корона вирусот кој всушност предизвика откажување или одложување на речиси сите активности на општествениот живот и во земјата и во светот.

Од реализираните патувања во странство би ги спомнале патувањата на екипите на МРТ во: Белград – за подготовки и снимање на задолжителен бекап/резервен спот за евровизискиот настап на македонскиот претставник наизбор на песна на Евровизија - Евросонг 2021 година во студиото на РТС, Софија – потпишување на Меморандум за соработка меѓу МРТ и Бугарската национална телевизија, Љубљана – преговори за откуп на права за емитување на програма, Косово – следење на предвремени парламентарни избори и слично. Во земјата пак, реализирани се патувања за пренос и емитување на спортски натпревари како фудбал, одбојка, кошарка, ракомет но и за снимање на информативни, документарни и други видови емисии за потребите на редакциите на првиот, вториот но и на другите програмски сервиси на кои се емитува радио и ТВ програмата.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

## Заеднички трошоци

Во првиот квартал од 2021 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 26.956.804 денари што е реализација од 14,5% на финансискиот план за 2021 година за оваа намена. Оваа група ги опфаќа трошоците за канцелариски материјали во износ од 124.329 денари, трошоците за гориво и мазиво во вкупен износ од 164.620 денари, трошоците за фиксна и мобилна телефонија и интернет во вкупен износ од 475.823 денари. Во рамките на планираните средства остварување бележат и трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 597.080 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 409.519 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства во МРТ во вкупен износ од 189.384 денари, трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 166.576 денари како и трошоците за одржување на возилата во износ од 65.858 денари. За опремата и другите основни средства кои МРТ ги користи во своето тековно работење пресметани се трошоци за амортизација во износ од 16.052.515 денари. Трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 176.764 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство по основ на тековни плаќања на обврски по договори за откуп на

права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ и слично. За надомест на трошоците за одржани седници на членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се векупно 2.317.137 денари кои се пресметуваат согласно Законот за ААВМУ. Реализација во рамки на планираните износи бележат и трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок, данок на имот и сл.) со остварување во износ од 3.014.886 денари кои произлегуваат од зголемениот обем на плаќања кон странство во анализираниот период а по основ на откупена филмска и спортска програма, како и трошоците за камати од работење и затезни камати остварени во износ од 1.242.579 денари. Во оваа група спаѓаат и дополнително утврдените расходи од минати години кои се остварени со износ од 1.002.631 денар и кои опфаќаат расходи по основ на фактури доставени од комитентите во анализираниот период а се однесуваат на договори склучени во минати години како и негативните курсни разлики кои се остварени во износ од 102.748 денари а произлегуваат и се пресметуваат според промените на вредноста на валутите во кои МРТ врши плаќања на своите обврски спрема странските добавувачи.

**Програмски права**

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма е остварена во вкупен износ од 94.597.143 денари што претставува 35,2% реализација на планираниот износ со финансискиот план за 2021 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани како СЕХА Лига – ракомет, ЕХФ Лига на шампиони – ракомет, алпско и нордиско скијање, уметничко лизгање, партиципации за пренос УЕФА ЕУРО 2020 (2021), потоа за фудбалски натпревари како Македонски фудбалски куп – Македонска фудбалска лига, и слично, фактурираната реализација на трошоци во анализираниот период изнесува 54.239.489 денари.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 10.796.860 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за откуп на права за пренос на Виенски концерт, лиценцирани вести од интернет, потоа откуп на права за емитување на емисии од разни области и за сите програмски сервиси на кои се емитува ТВ програмата (детски, едукативни, документарни) меѓу кои емисиите со наслов Џентлмен магазин, Албанците во скандинавските земји, Народни приказни на албански јазик, Агенда 35, ТВ проект Приказна.

За откуп на права за емитување на филмови и серии од најразлични жанрови реализирани се трошоци во износ од 4.598.091 денар.

Трошоците за реализација на копродукциски проекти изнесуваат 24.962.703 денари и опфаќаат договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, сообраќајот, истражувачко новинарство, забавно-контактни емисии, детски емисии (како 5+ Фамилија на македонски и албански јазик, ТВ серија Преспав, ТВ проект Бумеранг) и слично.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци бележи вкупна фактурирана реализација во износ од 3.780.771 денар и истата ги опфаќа трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 241.608 денари, трошоците за интелектуални услуги кои се однесуваат на превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма како и изработка на проекти, стручни мислења и слично реализирани во износ од 14.854 денари, потоа трошоците за реализација на проектот Евросонг 2021 година во износ од 199.368 денари но за кои реализација во повисок обем се очекува во вториот квартал од 2021 година кога и е планирано одржувањето на манифестацијата, како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 653.867 денари и трошоците за мало авторско право – ЗАМП кои изнесуваат 2.656.076 денари.

## Инвестиции

Во делот на планираните инвестиции во нова опрема и други инвестиции, со Годишниот финансиски план на МРТ за 2021 година планирани се 7.300.000 денари но, во првиот квартал од годината нема фактурирана реализација за започнатите постапки за јавни набавки, односно истите се во тек

### АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01 - 31.03.2021 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,годишен одмор, боледување,платено отсуство) | 100,724,370 | 472,000,000 | 113,990,539 | 113.2 | 24.2 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 9,400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 207,548 | 1,900,000 | 277,664 | 133.8 | 14.6 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство и други трошоци) | 150,836 | 700,000 | 548,978 | 364.0 | 78.4 |
| Награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 610,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 14,160 | 300,000 | 4,720 | 33.3 | 1.6 |
| Трошоци за вршење на PCR (за корона вирус) тестови на вработените | 0 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **101,096,914** | **486,510,000** | **114,821,901** | **113.6** | **23.6** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 229,786 | 1,850,000 | 275,602 | 119.9 | 14.9 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 200,713 | 3,000,000 | 66,413 | 33.1 | 2.2 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 63,213 | 1,400,000 | 12,096 | 19.1 | 0.9 |
| Сопствено возило за службени потреби | 128,718 | 300,000 | 5,833 | 4.5 | 1.9 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 30,450 | 250,000 | 34,400 | 113.0 | 13.8 |
| **Вкупно 2** | **652,880** | **6,900,000** | **394,344** | **60.4** | **5.7** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 0 | 350,000 | 60,406 | 0.0 | 17.3 |
| Услуги за превоз на вработени | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **0** | **600,000** | **60,406** | **0.0** | **10.1** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **652,880** | **7,500,000** | **454,750** | **69.7** | **6.1** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 0 | 1,200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички материјал | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 700,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за реквизита | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Разни прехранбени и други материјали за програмски цели, средства за хигиена во бифе и сл. | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **0** | **4,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 479,762 | 1,450,000 | 124,329 | 25.9 | 8.6 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **479,762** | **2,000,000** | **124,329** | **25.9** | **6.2** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 3,258,606 | 22,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за топлотна енергија | 4,090,085 | 11,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 396,571 | 3,000,000 | 164,620 | 41.5 | 5.5 |
| **Вкупно 6** | **7,745,262** | **37,000,000** | **164,620** | **2.1** | **0.4** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 78,120 | 5,000,000 | 57,430 | 73.5 | 1.1 |
| **Вкупно 7** | **78,120** | **5,000,000** | **57,430** | **73.5** | **1.1** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 74,140 | 600,000 | 58,853 | 79.4 | 9.8 |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 453,691 | 2,200,000 | 301,094 | 66.4 | 13.7 |
| Трошоци за интернет | 43,455 | 800,000 | 115,876 | 266.7 | 14.5 |
| Поштарина | 48,716 | 250,000 | 4,791 | 9.8 | 1.9 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 948,923 | 10,000,000 | 6,793 | 0.7 | 0.1 |
| **Вкупно 8** | **1,568,925** | **13,850,000** | **487,407** | **31.1** | **3.5** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,035,096 | 4,500,000 | 409,519 | 39.6 | 9.1 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 627,556 | 5,000,000 | 189,384 | 30.2 | 3.8 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 810,776 | 4,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Одржување на возила | 246,156 | 2,500,000 | 65,858 | 26.8 | 2.6 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 10,378 | 150,000 | 3,257 | 31.4 | 2.2 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 250,174 | 1,000,000 | 166,576 | 66.6 | 16.7 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 864,582 | 3,700,000 | 597,080 | 69.1 | 16.1 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **3,844,718** | **21,850,000** | **1,431,674** | **37.2** | **6.6** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 640 | 40,000 | 1,035 | 161.7 | 2.6 |
| Дератизација и дезинсекција | 37,500 | 300,000 | 3,900 | 10.4 | 1.3 |
| Трошоци за ѓубретарина | 205,239 | 950,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за вода | 201,751 | 3,300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 10** | **445,130** | **4,590,000** | **4,935** | **1.1** | **0.1** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 41,296 | 400,000 | 28,456 | 68.9 | 7.1 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 10,124 | 400,000 | 3,458 | 34.2 | 0.9 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 8,976 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **60,396** | **1,500,000** | **31,914** | **52.8** | **2.1** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 16,735,183 | 66,000,000 | 16,052,515 | 95.9 | 24.3 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 0 | 0 | 354,911 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 12** | **16,735,183** | **66,000,000** | **16,407,426** | **98.0** | **24.9** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања, ревалоризација на обврски, побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 0 | 2,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **2,000,000** | **0** | 0.0 | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 81,211 | 500,000 | 61,555 | 75.8 | 12.3 |
| **Вкупно 14** | **81,211** | **600,000** | **61,555** | **75.8** | **10.3** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 184 | 1,700,000 | 4,273 | 2,322.3 | 0.3 |
| **Вкупно 15** | **184** | **1,700,000** | **4,273** | **2,322.3** | **0.3** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 143,452 | 600,000 | 176,764 | 123.2 | 29.5 |
| **Вкупно 16** | **143,452** | **610,000** | **176,764** | **123.2** | **29.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 14,950 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **14,950** | **400,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови па надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 1,845,124 | 5,200,000 | 2,317,137 | 125.6 | 44.6 |
| **Вкупно 18** | **1,845,124** | **5,200,000** | **2,317,137** | **125.6** | **44.6** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 1,343,344 | 3,000,000 | 3,014,886 | 224.4 | 100.5 |
| Судски трошоци и административни такси | 128,311 | 500,000 | 183,406 | 142.9 | 36.7 |
| **Вкупно 19** | **1,471,655** | **3,500,000** | **3,198,292** | **217.3** | **91.4** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 221,400 | 500,000 | 123,000 | 55.6 | 24.6 |
| **Вкупно 20** | **221,400** | **500,000** | **123,000** | **55.6** | **24.6** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 11,747,402 | 7,000,000 | 1,002,631 | 8.5 | 14.3 |
| **Вкупно 21** | **11,747,402** | **7,000,000** | **1,002,631** | **8.5** | **14.3** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,275,977 | 5,000,000 | 1,242,579 | 97.4 | 24.9 |
| **Вкупно 22** | **1,275,977** | **5,000,000** | **1,242,579** | **97.4** | **24.9** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 4,081,728 | 3,000,000 | 102,748 | 2.5 | 3.4 |
| **Вкупно 23** | **4,081,728** | **3,000,000** | **102,748** | **2.5** | **3.4** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра надвор од тендерска постапка | 6,000 | 880,000 | 18,090 | 301.5 | 2.1 |
| **Вкупно 24** | **6,000** | **880,000** | **18,090** | 301.5 | 2.1 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **51,846,579** | **186,180,000** | **26,956,804** | **52.0** | **14.5** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 7,313,061 | 19,000,000 | 4,598,091 | 62.9 | 24.2 |
| Останати програмски права | 16,097,344 | 61,000,000 | 10,796,860 | 67.1 | 17.7 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 0 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 1,464,846 | 95,000,000 | 54,239,489 | 3,702.7 | 57.1 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 28,276,395 | 90,000,000 | 24,962,703 | 88.3 | 27.7 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **53,151,646** | **269,000,000** | **94,597,143** | **178.0** | **35.2** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 14,966 | 1,500,000 | 14,998 | 100.2 | 1.0 |
| **Вкупно 26** | **14,966** | **1,500,000** | **14,998** | **100.2** | **1.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2020г. | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***27) Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 79,144 | 600,000 | 241,608 | 305.3 | 40.3 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 899,514 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 5,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 0 | 1,800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти, стручни мислења и слично) | 1,801,943 | 4,000,000 | 14,854 | 0.8 | 0.4 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 3,133,538 | 14,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за проект Евровизија | 760,703 | 8,000,000 | 199,368 | 26.2 | 2.5 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **6,674,842** | **35,000,000** | **455,830** | **6.8** | **1.3** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 2,461,287 | 10,000,000 | 653,867 | 26.6 | 6.5 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 3,403,336 | 14,500,000 | 2,656,076 | 78.0 | 18.3 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 4,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **5,864,623** | **29,300,000** | **3,309,943** | **56.4** | **11.3** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 0 | 210,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **0** | **210,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **12,554,431** | **66,010,000** | **3,780,771** | **30.1** | **5.7** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **219,302,450** | **1,015,200,000** | **240,611,369** | **109.7** | **23.7** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 1,119,582 | 7,300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **1,119,582** | **7,300,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **220,422,032** | **1,022,500,000** | **240,611,369** | **109.2** | **23.5** |

## Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2021г

**Состојбата на *денарските* сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2021г изнесува:**

- Комерцијална банка 6.253.298 денари
- Халк банка 2.513.220 денари
- Стопанска банка 651 денар
- Тутунска банка 9.120 денари
- Шпаркасе банка 5.599 денари
- Еуростандард банка 273.223 денари
- Силк Роад банка 64.276 денари
- Прокредит банка 972.895 денари

***Вкупно на сметки : 9.819.059 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2021г изнесува:**

- Стопанска банка 145 УСД
- Комерцијална банка 24.637 ЕУР

7.959 АУД

4.696 ЦХФ

и 528 ДКК

### СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2021 ГОДИНА

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.03.2021 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.03.2020 | Состојба на 31.03.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,096,829,034 | 2,089,517,155 | 99.7 |
| Побарувања од купувачите во странство | 42,383,456 | 40,576,415 | 95.7 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,125,064,286 | -2,118,751,497 | 99.7 |
| Вкупно: | 14,148,204 | 11,342,073 | 80.2 |

## Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.03.2020 | Состојба на 31.03.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,045,987,037 | 2,041,514,067 | 99.8 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 50,841,997 | 48,003,088 | 94.4 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,086,537,104 | -2,080,045,899 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **10,291,930** | **9,471,256** | **92.0** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.03.2020 | Состојба на 31.03.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,038,749,871 | 2,031,361,283 | 99.6 |
| - радио и телевизиски реклами | 2,511,812 | 7,549,661 | 300.6 |
| - закуп на основни средства | 156,075 | 111,250 | 71.3 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода, струја) | 3,958,848 | 2,288,396 | 57.8 |
| - спогодби | 610,431 | 203,477 | 33.3 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 50,841,997 | 48,003,088 | 94.4 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,086,537,104 | -2,080,045,899 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **10,291,930** | **9,471,256** | **92.0** |

## Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.03.2021 година изнесуваат вкупно 1.870.817 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.03.2020 | Состојба на 31.03.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство ( тужени побарувања од отстапени права ) | 31,196,393 | 36,431,558 | 116.8 |
| - ТВ услуги | 541,830 | 541,394 | 99.9 |
| - технички услуги | 2,819,753 | 2,893,864 | 102.6 |
| - побарувања од закупнини | 16,841 | 16,827 | 99.9 |
| - отстапени права | 7,399,927 | 302,338 | 4.1 |
| - фестивали во странство | 128,222 | 122,488 | 95.5 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 280,490 | 267,946 | 95.5 |
| - вредносно усогласување на побарувањата на побарувања | -38,527,182 | -38,705,598 | 100.5 |
| **Вкупно:** | **3,856,274** | **1,870,817** | **48.5** |

## РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.03.2021 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.03.2020 год. | состојба на 31.03.2021 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **523,328,542** | **473,056,787** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 93,004,955 | 48,159,779 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 13,678,809 | 20,964,792 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 79,257 | 78,723 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 140,163,764 | 139,860,868 |
| Обврски спрема вработените | 22,137,039 | 24,733,817 |
| Обврски за авторски договори | 1,132,788 | 1,132,788 |
| Краткорочни обврски кон МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 172,600,320 | 157,860,262 |
| Останати краткорочни обврски | 895,761 | 1,206,235 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 9,690,210 | 10,766,900 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг кон ММИ, Агенција за филм,автор Глигор Смокварски) | 69,945,639 | 68,292,623 |
| **Долгорочни обврски** | **189,080,710** | **173,019,640** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 14,657,025 | 11,516,235 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 174,423,685 | 161,503,405 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **712,409,252** | **646,076,427** |

Состојбата на вкупните обврски на 31.03.2021 година изнесува 646.076.427 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2020 година се намалени за 66.332.825 денари.

## СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2021 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.03.2021 г изнесува вкупно 704 лица, што е помалку за 9 лица во однос на состојбата на 31.12.2020 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2021 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2020 | 1 | 26 | 301 | 20 | 326 | 0 | 29 | 10 | 713 | |
| 31.03.2021 | 1 | 27 | 307 | 22 | 322 | 0 | 20 | 5 | 704 | -9 |
| структура 31.03.2021г.(%) | 0.1 | 3.6 | 42.2 | 2.8 | 45.7 | 0.0 | 4.2 | 1.3 | 100.0 | -1.3 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2021 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2020 | 503 | 144 | 24 | 21 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 713 | |
| 31.03.2021 | 495 | 143 | 24 | 21 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 704 | -9 |
| структура 31.03.2021г.(%) | 70.5 | 20.2 | 3.4 | 2.9 | 1.1 | 0.6 | 0.6 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | -1.3 |

Во текот на Првото тримесечје 2021 година во ЈРП МРТ нема нововработени лица.

Во истиот период вкупно 9 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ и тоа: по основ на стекнување на правото за пензионирање 7 лица, од кои 1 новинар со ВСС, 1 стручен соработник со ВСС, 1 референт со ССС, 1 сниматeл на тон со ССС, 1 ассистент продуцент со ССС, 1 продуцент со ССС, 1 техничар во Логистика со ССС. По основ на користење неплатено отсуство од работа во период од 3 (три) месеци е 1 ИТ инженер со ВСС и 1 оператор на програма со ССС.

Скопје, Април 2021 година